

**САВО КОСТАДИНОВСКИ**

ТАТКОВИНАТА НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ

Послушајте македоци!

откако пропелтечило

детето од Небрегово

небесен глас го слушнал

и го чувал од сите зла

пред Господа,

век и дарба што му дал

и порака

тој да го чува

нашиот мајчин македонски збор

Смогнал сили,

заодил заедно со моќта на зборот

та мислата ја хранел

со душата на секој збор

со кои

со децении ја градел, и ја изградил

куќата на татковината

во која домородно живееме

со животот на нашиот мајчин јазик

гордо во татковината

на бесмртниот корифеј Блаже Конески

со завет

да продолжиме да ја чуваме

во длабочината на очите

неправдите да не ја заслепат

чисти да останеме во својата куќа

да не го замолчиме

сопственото грло

неоти ние,

самите себе си сме се замолчиле

во крвта на зборот што носи македонски ген

Впрочем,

неслучајно Блаже рекол:

„Јазикот е единствената наша татковина“

Затоа

Човекостојно е да се живее во неговата татковина.